**ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПАТЕН ЛИСТ**
- потребна документација -

- Барањето се поднесува лично, во Амбасадата на РМ - Лондон.

- Уредно пополнето барање (образец бр. 6 - син картон) за издавање на патна исправа - патен лист, во еден примерок, на македонски јазик и кирилско писмо, со точни податоци за лицето и лично потпишани.

Доколку со полнолетниот граѓанин (на истата исправа) патуваат и неговите малолетни деца до 14 години, за нив да се достави извод од матична книга на родени.

- Доколку лицето има потреба од итно враќање во Република Македонија, а неговата патна исправа (пасош) има истечена важност, истата треба да ја презентира во Амбасадата при поднесување на барањето за патен лист.

- Доколку станува збор за изгубена или украдена патна исправа (ПИ) се поднесува Изјава од странката под кои околности останала без патна исправа, како и Потврда од полицијата за пријавената кражба или губење на ПИ; Во овој случај потребен е и документ за лична идентификација (пасош со истечена важност или важечка лична карта од РМ или двајца полнолетни сведоци со валидни документи за идентификација)

- Уверение за државјанство или друг доказ (сина лична карта) за државјанство на Република Македонија

- Две фотографии со стандардна големина (3,5x4,5 см.)

- Такса: £35.00 (ГБП)

**Напомена 1:** Патниот лист важи само за патување (влез односно враќање) во Република Македонија и може да има важност најмногу до 30 дена од денот на издавање.

**Амбасада на Република Македонија**
**5th floor, 25 James Street, London W1U 1DU**
**tel. + 44 20 7935 2823 / 3842  fax: + 44 20 7935 3986**
**E-mail: info@macedonianembassy.org.uk**